# З А П И С Н И К

**од 8-та редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на 28.02.2022 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово.

Беа превземени сите мерки за безбедност на присутните за спречување на ширењето на вирусот Ковид 19.

Седницата започна во 10.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Пред да го предложи дневниот ред за работа на денешната седница, Претседателот на Советот Владимир Марков ги извести советниците дека во однос на доставеното решение за закажување на седницата, ќе се направи измена со тоа што предложената прва точка: Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, со завршна сметка, ќе се подели на две точки, а педложената 4-та точка, Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис" Валандово ќе се симне од дневен ред бидејќи е повлечена од предлагачот.

Потоа за работа на 8-мата редовна седница, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година;
2. Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година;
3. Предлог – Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
4. Предлог - Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово;
5. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година;
6. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2021 година;
7. Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово за 2021 година;
8. Предлог – Програма за работа за 2022 година на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај" Валандово;
9. Предлог – Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година;
10. Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година;

11. Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Грчиште, Општина Валандово;

12. Предлог – Одлука за донесување на урбанистички план за село Брајковци, Општина Валандово;

13. Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план за селоРаброво, Општина Валандово;

14. Предлог – Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план за село Калково, Општина Валандово;

15. Предлог - Одлука за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Валандово;

16. Предлог - Одлука за давање на трајно користење движна ствар-патничко моторно возило на ЈП „Комунален сервис" Валандово;

17. Предлог – Одлука за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградба на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово;

18. Предлог – Одлука за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година;

19. Предлог – Решение за разрешување и за избирање на претседател и на член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите;

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Процедурално за збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека во материјалите немаше доставено Посебен дел на Буџетот и немаше можности да се види што е претходно потрошено. Затоа, поради тоа што податоците во Годишниот извештај на ОВ и податоците во Кварталниот извешетај на ОВ се разликуваат таа предлага точката да биде одложена за неколку дена за да може да се усогласи. Наведе дека има разлика во ставките за плати и придонеси, надоместоци, патни и дневни и во социјални надоместоци.

Предлогот на Јулија Тушевска за одложување на првата точка беше ставена на гласање и со 6 гласа ЗА и 9 ПРОТИВ истата не беше изгласана.

После ова предложениот Дневен ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ истиот беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред беше отворена расправа по записникот од 7-мата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и беше изгласан со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

Се пристапи со работа на седницата.

ТОЧКА 1 и 2

По предлог на Претседателот по Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година и по Завршна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година беше водена единствена расправа

Образложение по точките даде претставникот од Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова. Таа за Годишниот извештај и завршната сметка напомна дека се

единствени и валидни документи и разликата која се јавува е минимална и таа се должи на тоа што се врши плаќања од сродни конта, но во завршната табела изразени се вкупните приходи и расходи по видови. И двата документа и Годишниот извештај и Завршната сметка се изготвени според законските одредби.

Валентина Јанева се јави за збор. Рече дека Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година е изготвен законски по сите прописи и правила и во него се прикажани сите приходи и расходи по буџети по видови буџети. Во приходната страна на основниот буџет во ставката 713 реализирано е повеќе од планираното, односно 116 %, а вкупната реализација на буџетот е 84%. Капиталните расходи претставуваат приходи од граѓаните кои се трошат пак за граѓаните. Рече дека Буџетот на ОВ за 2021 година е успешно реализиран и според член 41 од Законот за локална самоуправа градоначалникот управува со реализацијата на буџетот како добар домаќин.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека таа не се јавила да даде критика туку нејзината реакција била затоа што во дадената табела има разлика. Забелешките се конструктивни и како такви треба да се прифатат.

Немаше други пријавено за дискусија па се пристапи кон поединечно гласање по точките:

Точка 1: Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, беше изгласан со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ.

Точка 2: Завршната сметка на ОВ за 2021 година, беше изгласана со 9 гласа ЗА и 6 ПРОТИВ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, образложение даде претставникот од Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова. Рече дека се работи за неколку измени кои треба да се усогласат во веќе донесената одлука за извршување на Буџетот за 2022 година. Се работи за измена на сумата од 500 на 700 денари за дневница, не помал износ од 9000 денари за регрес и исплата на надоместок за смрт на член на семејство на вработен во износ од 15. 000 денари.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па предложената Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, образложение повторно даде претставникот од Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и Предлог – Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 5

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, беше дадно образложение од одговорниот сметководител на претпријатието, Живко Тасев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа праша колкав е долгот сперема ЕВН.

Живко Тасев на ова одговори дека долгот е отприлика околу 7.000. 000 денари, но ако треба да се наведе точниот износ, таа треба писмено да се обрати и ќе добие одговор.

Јулија Тушевска се јави повторно. Рече дека од исказот на сметководителот произлегува дека 65 % од приходите на ЈП Комунален сервис се трошат за плати и надоместоци. Дека во 2017 година пред да се наследи ЈП од новата власт долгот беше 1.500.000 денари, а сега е 7.000.000 денари. Тоа значи дека струја воопшто не се плаќало изминатите години. Таа сугрираше да се направи план да се плаќа месечно за да не дојде до искучување на струјата и останување на градот и населените места без вода.

Градоначалникот зема збор. Рече дека генерално се сложува со излагањето на Јулија Тушевска, но мора да се признае дека состојбата од една страна е таква поради тоа што се работи за енергетска криза, а втора страна поради превземањето на водоводите и комуналните услуги од населените места. И драстичниот раст на минималната плата има влијание на Буџетот бидејќи најголем дел од вработените во ЈП се со минимална плата. Инаку тој наведе дека многу општини се наоѓаат во полоша состојба.

За збор се јави директорката на ЈП Комунален сервис Емилија Заева Костова. Рече дека салдото на долгот спрена ЕВН не треба да се глада само како бројка, бидејќи цената е зголемена неколку пати. ЈП има спогодба со ЕВН за плаќање на рати и тие се плаќаат секој месец, но салдото е поради покачената цена на електричната енергија.

Друг никој не се јави за збор па Советот, по спроведеното гласање, со 9 гласа ЗА. 1 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ даде согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.

ТОЧКА 6

По Финансискиот извештај за работата на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2021 година беше отворена расправа, но никој не се јави за збор, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Извештајот за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на култура ,,25-ти Мај” Валандово за 2021 година, образложение даде ВД директорот на иституцијата Дејан Исиров.

Бидејќи по отворена расправа никој не се јави за збор, истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Предлог–Програмата за работа за 2022 година на ЈОУ Дом на култура, „25-ти Мај” Валандово, повторно образложение даде ВД директорот Дејан Исиров.

По отворената расправа никој не се јави за збор, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог – Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година, образложение имаше Анита Трајкова, вработена во општинската администрација во одделението за урбанизам.Таа ги наведе улиците и патиштата кои оваа година треба да се асфалтираат од средствата наменети за тоа, а кои се од Агенцијата за државни патишта во износ од 2850 000 денари,17.017.000 денари од Буџетот на Општината и 720.000 евра од Министерството за транспорт и врски.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека што е поголем износот на средства за асфалтирање во општината, толку е подобро, но стави забелешка дека не ја гледа пешачката патека до с.Марвинци, иако од страна на градоначалникот беше ветено дека ќе се прави.

Градоначалникот зема збор. Рече дека очекува и опозицијата да ја гласа оваа Програма бидејќи е ставена и пешачката патека во Марвинци и повеќе улици во населените места.

Лазар Ангелов се јави за збор. Праша дали улицата „11-ти Октомври“ во с. Пирава ќе се заврши и дали има можност да се постават два лежечки полицајци на главната улица во Пирава.

Градоначалникот даде одговор на поставените прашање на советникот Лазар Ангелов. Рече дека на улицата “11-ти Октомври“ во с. Пирава веќе се работи и истата ќе се заврши, а за лежечки полицајци ќе се прави јавна набавка бидејќи терба да се постават на повеќе места во општината. Кога ќе се заврши постапката истите ќе се постават.

Немаше други пријавено за дискусија, па предложената Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022 година, беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 9 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година, образложение повторно имаше Анита Трајкова.

Немаше пријавено за дискусија, па Предлог–Програмата за изградба, реконструкција, одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2022 година, беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлуката за донесување на урбанистички план за село Грчиште, Општина Валандово, образложение даде Ѓоко Аврамски, вработен во општинската администрација, во одделението за урбанизам. Рече дека се работи за опфат на земјиште со површина од 25,95 ха во КО Грчиште и тоа претставува многу битен елемент за урбанизација и привлекување на инвестиции.

Немаше пријавено за дискусија, па Предлог – Одлуката за донесување на урбанистички план за село Грчиште, Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлуката за донесување на урбанистички план за село Брајковци, Општина Валандово беше отворена расправа.

Немаше пријавено за дискусија, па Предлог – Одлуката за донесување на урбанистички план за село Брајковци, Општина Валандово беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план за село Раброво, Општина Валандово немаше пријавено за дискусија па предложената Одлука беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план за село Калково, Општина Валандово, немаше пријавено за дискусија па Предлог – Одлуката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Одлуката за формирање на Партиципативно тело за урбанистичко планирање на Општина Валандово, немаше пријавено за дискусија, па Предлог – Одлуката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Предлог - Одлуката за давање на трајно користење движна ствар-патничко моторно возило на ЈП „Комунален сервис“ Валандово „Alfa Romeo“ и „Jugo Tempo“ беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградба на црквата „Рождество на Пресвета Богородица” во Валандово во износ од 1.500.000 денари беше отворена расправа.

За збор се јави Лазар Ангелов. Праша зошто досега не се исплатени овие средства кои се одобрени со одлуката донесена во 2021 година и зошто треба да се носи нова и дали во иднина ќе се одобруваат нови средства.

Градоначалникот зема збор. Рече дека се работи за обновување на одлукатата за да може да се исплатат наведените средства кои во 2021 година поради изборните активности и чекањето за поврат на средствата од прекуграничниот проект истите немаше можности да се исплатат. Со донесувањето на оваа Одлука за 2022 година, претходната одлука ќе биде прогласена за ништовна.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 18

По Предлог – Одлуката за одобрување средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности во 2022 година, образложение даде претседателот на советот и на

Комисијата за финансирање и Буџет, Владимир Марков. Рече дека на Комисијата предлага да се доделат средства на:

КУД „Гоце Делчев“ Валандово -90 000 денари;

КУД „Младост“ Јосифово -60 000 денари;

ФК „Победа“ Валандово -60 000 денари;

ФК „Младост“ Удово -60 000 денари;

ЗСК „Југо-Исток“ Струмица -30 000 денари.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Лазар Ангелов. Рече дека добро е што се одвојуваат средства за невладините организации, посебно за фудбалските клубови. ФК „Победа“ Валандово оваа година има јубилеј 100 години и рече дека се надева дека средствата се за тоа.

Претседателот на Советот и на Комисијата за финансирање и Буџет Владимир Марков рече дека овие средства се за програмските активности на ФК „Победа“, а не за прослава на јубилеј.

Никој друг не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

По предложеното Решение за разрешување и за избирање на претседател и на член на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, образложение даде Надица Недиќ, Претседател на Комисијата за мандатни прашања. Информираше дека на Комисијата беше разгледано поднесеното барањето од претседателот на комисијата за нејзино разрешување при што комисијата му предлага на Советот истата да се разреши од претседател и да биде избрана за член, а членот Мирјана Пеева да биде избрана за нов Претседател на Комисијата.

Никој не се јави за збор, па предложеното Решение беше ставено на гласање и изгласано едногласно, со 15 гласа ЗА.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 8-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков